**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**
**Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации**
**Краен рок за поднесување на пријавите: 17.3.2021 година**

| | Прашања од здруженија и фондации | Одговори од Одделението за соработка со невладини организации |
|---|---|---|
| 1 | Врз основа на објавениот Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации ве молиме да ни одговорите дали и ние како Комора имаме право да конкурираме на огореспоменатиот оглас за финансиска поддршка. Во прилог, ви доставуваме валидно Решение и Тековна состојба | Еден од условите за учество на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации е организацијата да е регистрирана согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот.<br>Видно од основот на доставеното Решение за упис во Централниот регистар на РСМ, вашата организација е регистрирана согласно член 132 од Законот за катастар на недвижности, во Тековната состојба, во делот Организационен облик е наведено 08.1-комора, а надлежен регистар - Регистар на комори.<br>Согласно наведеното, сметаме дека не го исполнувате наведениот услов за учество на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации. |
| 2 | Почитувани, во врска со огласот за финансиска подршка на здруженија и фондации би сакале да не информирате дали доколку апликантот има над 2 500 евра приход за 2020 дали може да аплицира? | Висината на годишниот приход на организацијата не е услов за учество на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации.<br>Во Огласот се наведени документи што треба да се доставаат во прилог на Пријавата, меѓу кои и:<br>Копие од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година или изјавата доставена до Централниот регистар дека во 2020 година имале приход помал од 2.500 евра во денарска проттивредност според курсот на Народна банка на Република Северна Македонија. |
| 3 | Почитувани дали со проектот може да се превземат и платат одбрените средства зафати во регионот Западен Балкан согласно договорот „Мали Шенген“? | Во интерес на еднаков третман на апликантите не може да даваме мислење за целта на проектот или за одделни активности, бидејќи активностите кои се предложени ќе бидат предмет на евалуација. |
| 4 | Забележавме дека во огласот стои 17.03.2020 година како краен рок за доставување на апликациите, па само сакаме да потврдиме дали станува збор за техничка грешка и дали рокот е всушност 17.03.2021 година? | Ве упатуваме на објавата на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации, каде е прецизирано дека рокот за поднесување на пријавите со потребната документација е најдоцна до 17 март 2021 година.<br>линк: https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/479<br>линк: https://vlada.mk/node/24220 |